РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јануари, 2018 година

## СОДРЖИНА

Резиме ... 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ... 3

Број на работници во индустријата ... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ... 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ... 5

Инфлација ... 5

Берзански цени ... 7

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ... 8

Увоз ... 9

Салдо на трговска размена ... 9

Валутна структура ... 10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ... 11

Приходи по буџетски корисници ... 12

Буџетски расходи според економската класификација ... 13

Расходи по буџетски корисници ... 14

Буџетско салдо ... 16

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ... 16

Плати ... 17

Пензии ... 17

5. Монетарен сектор

Примарни пари ... 18

Депозитен потенцијал ... 19

Кредити на банките ... 20

Каматни стапки на депозитни банки ... 20

Пазар на капитал ... 20

Девизни резерви ... 21

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јануари, 2018 година

- Индустриското производство во јануари 2018 година во споредба со јануари 2017 година забележа раст од 8,4%, што претставува највисока стапка на раст по мај 2017 година;

- Потрошувачките цени во јануари 2018 година се зголемија за 1,1% во однос на јануари 2017 година, по годишниот раст од 2,4% во декември 2017 година;

- Во јануари 2018 година извозот забележа раст од 27,9%, а увозот од 24,2%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 14,3%, споредено со истиот период од 2017 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во јануари 2018 година изнесуваа 13.328 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,9% во однос на истиот период од 2017 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во јануари 2018 година изнесуваа 13.891 милион денари, што е за 5,6% помалку во однос на истиот период лани;

- Вкупните кредити на банките во јануари 2018 година се зголемија за 6,1% во споредба со јануари 2017 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 5,2%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во јануари 2018 година се зголеми за 8,4%, што претставува највисока стапка на раст по мај 2017 година. Растот во целост се должи на зголеменото производство во секторот Преработувачка индустрија од 16,9% и вкупен придонес во растот од 13,7 п.п., но истиот е ублажен со високиот пад во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 28,4% и негативен придонес од 2,9 п.п.. Намалено производство е забележано и во секторот Рударство и вадење камен од 0,3%, но поради ниското учество на овој сектор во структурата на вкупното производство, неговиот негативен придонес е незначителен и изнесува 0,0 п.п..

Графикон 1.1. Индустриско производство; Извор: ДЗС




Анализата по гранки укажува дека раст е забележан кај 19 од вкупно 27 гранки кои учествуваат со 67,2% во структурата на индустриското производство. Притоа, висок двоцифрен раст се забележува кај производството на високотехнолошки производи, па така гранките за производство на машини и уреди, електрична опрема и фабрикувани метални производи сите бележат раст повисок од 30%. Од гранките со двоцифрено учество во структурата на производството, раст се забележува кај производството на машини и уреди од 34,7% (придонес од 4,5 п.п.), како и кај производството на прехранбени производи од 7,1% (придонес од 0,8 п.п.).

Графикон 1.2. Придонес на секторите на индустриското производство; Извор: ДЗС




Графикон 1.3а. Гранки со најголем позитивен придонес во растот за месецот




Графикон 1.3б. Гранки со најголем негативен придонес во растот за месецот



Во однос на поделбата по наменски групи, зголемување на производството е забележано кај групите: Капитални производи од 26,6% (придонес од 5,7 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија од 15,8% (придонес од 4,7 п.п.), Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,3% (придонес од 1,8 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка од 57,5% (придонес од 1,4 п.п.). Намалување на производството бележи единствено групата Енергија од 26,1% (придонес од -3,2 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Графикон 1.4. Стапка на раст на бројот на работници и продуктивноста во индустријата; Извор: ДЗС и пресметки на МФ




Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во јануари 2018 година забележа раст од 6,0%. Растот главно се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 6,8%, како и во секторот Рударство и вадење камен од 0,2%, додека во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 0,9%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јануари 2018 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 18,0%, Интермедијарни производи, освен енергија од 13,2%, Трајни производи за широка потрошувачка од 3,6% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 0,3%. Пад е забележан единствено во групата Енергија од 1,1%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јануари 2018 година е поповолна во однос на декември 2017 година, како и во однос на јануари 2017 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јануари изнесува 66,5%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 66,3%. Споредено со истиот месец од 2017 година, искористеноста на капацитетите е намалена за 1,0 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во јануари 2018 година имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 20,6%, недоволната странска побарувачка со 19,8%, недоволната домашна побарувачка со 19,5%, неизвесното економско окружување со 11,0%, финансиските проблеми со 9,2% и конкурентниот увоз со 6,2%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јануари 2018 година во однос на претходниот месец е поповолна, очекувањата за обемот на

производството во наредните три месеци се поповолни споредено со декември 2017 година, а залихите на готови производи на месечно ниво се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јануари 2018 година издадени се вкупно 189 одобренија за градење, што претставува годишно намалување од 48,6%. Споредено со декември 2017 година, кога биле издадени 257 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење се намали за 26,5%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јануари 2018 година, во однос на истиот месец 2017 година, бележи пад од 54,1%. Во споредба со претходниот месец, вредноста на објектите се зголеми за 39,4%.

Графикон 1.5. Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на работите; Извор: ДЗС




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 132 (или 69,8%) се наменети за објекти од високоградба, 20 (или 10,6%) за објекти од нискоградба и 37 (или 19,6%) за објекти за реконструкција.

Графикон 1.6. Број на издадени одобренија за градење по региони, во јануари 2018 година; Извор: ДЗС




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 189 издадени одобренија за градба, на 140 објекти (или 74,1%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 49 објекти (или 25,9%) инвеститори се деловни субјекти.

Во јануари 2018 година предвидена е изградба на 233 станови, со вкупна корисна површина од 24.943 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа е зголемен за 11,5%, а во однос на јануари 2017 година е намален за 53,7%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во јануари 2018 година се зголемија за 1,1% во однос на јануари 2017 година, по годишниот раст од 2,4% во декември 2017 година.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во јануари забележа годишен раст на цените од 0,6%, при што највисок раст имаа цените на овошјето (за 11,9%) и на кафе, чај и какао (за 3,1%).




Највисок годишен раст на цените во јануари 2018 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 6,9% следена со порастот на цените во категориите: Транспорт од 5,3%, Ресторани и хотели од 2,3%, Рекреација и култура од 2,1%, Здравје од 0,6%, Комуникации од 0,2% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,1%.

Годишен пад на цените во јануари 2018 година е регистриран во категориите: Облека и обувки од 1,3%, Останати стоки и услуги од 0,5% и Образование и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од по 0,1%.




Потрошувачките цени во јануари 2018 година се намалија за 0,4% во однос на претходниот месец. Притоа, намалување на цените на месечно ниво е забележано во категориите: Облека и обувки за 1,6%, Здравје од 1,0%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,7%, Ресторани и хотели од 0,5%, Рекреација и култура од 0,3% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,1%.

Раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Транспорт од 0,8%, Комуникации од 0,5% и Останати стоки и услуги од 0,1%.

Цените во категоријиите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина и Образование останаа непроменети.

Цените на мало во јануари 2018 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 2,3%, а на месечна основа се намалени за 0,1%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јануари 2018 година во однос на претходниот месец се зголеми за 7,4% и изнесува 69,0 долари за барел. Споредено со јануари 2017 година, цената на нафтата бележи раст од 25,7%. Цената на природниот гас во јануари 2018 година на месечно ниво порасна за 20,4%.

Графикон 1.9. Сурова нафта (Brent) - Цена и стапка на раст; Извор: Светска банка и пресметки на МФ




Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во јануари 2018 година се тргуваше со просечна цена од 12.865 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на декември 2017 година бележи раст на цената од 11,9%. На годишна основа, цената на никелот се зголеми за 29,0%. Покрај никелот, месечен раст на цената во јануари забележаа и другите основни метали. Така, цената на цинкот се зголеми за 7,7%, на калајот за 6,3%, на алуминиумот за 6,2%, на бакарот за 3,4% и на оловото за 3,0%.

Графикон 1.10. Берзански цени на метали, во долари; Извор: Светска банка




Благородните метали исто така бележат раст на цената во јануари во однос на претходниот месец,. Така, цената на платината се зголеми за 9,1%, на среброто за 6,0% и на златото за 5,3%.

Цената на пченката на светските берзи во јануари 2018 година на месечно ниво се зголеми за 4,6%, а на пченицата за 4,4%. Цената на јагнешкото месо во јануари 2018 година споредено со претходниот месец се намали за 2,8%.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во јануари 2018 година изнесува 980,7 милиони евра, што претставува раст од 25,8% во однос на истиот месец минатата година.

Графикон 2.1 Надворешна трговија во јануари 2017 и 2018 год; Извор: ДЗС




Во јануари 2018 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 72,6%, што претставува зголемување од 3,6 п.п. во однос на јануари претходната година.

Графикон 2.2 Структура на извозот по СМТК, во јануари 2018г; Извор: ДЗС




## Извоз

Вредноста на извезените стоки во јануари 2018 година изнесува 420,6 милиони евра и бележи раст од 27,9% (91,8 милиони евра) во однос на јануари претходната година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 54,8%.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2018 година извозот бележи раст од 4,1% (16,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 22,1%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во јануари 2018 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 49,8% од вкупниот извоз на државата.

Графикон 2.3 Учество на стоките по економска намена во вкупниот извоз на Република Македонија во I - 2018 година (во %); Извор ДЗС и пресметки на МФ




Анализирано според економските групации на земјите, во јануари 2018 година споредено со истиот месец од 2017

година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ28, ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија, додека пад има кај групациите: Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 28,0% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 41,5%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 84,8% и 9,6% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во јануари 2018 година изнесува 560,1 милион евра и бележи раст од 24,2% (109,3 милиони евра) во однос на истиот месец 2017 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 2,8%.




Анализирано на месечно ниво, во јануари 2018 година увозот бележи пад од 10,0% (62,1 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 17,5%.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2017 | I - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 8,6 | 11,3 | 2,7 | 31,4 |
| Мил. ЕУР | 3,9 | 4,6 | 0,6 | 15,6 |
| Мил.$ | 4,2 | 5,5 | 1,4 | 32,4 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2017 | I - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 63,1 | 67,8 | 4,8 | 7,6 |
| Мил. ЕУР | 29,4 | 35,6 | 6,2 | 21,0 |
| Мил.$ | 31,3 | 43,3 | 12,1 | 38,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2017 | I - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 1,2 | 1,4 | 0,3 | 23,3 |
| Мил. ЕУР | 75,5 | 95,0 | 19,5 | 25,8 |
| Мил.$ | 80,4 | 116,0 | 35,6 | 44,3 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2017 | I - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 1,6 | 1,9 | 0,3 | 17,6 |
| Мил. ЕУР | 12,9 | 14,8 | 1,8 | 14,1 |
| Мил.$ | 13,8 | 18,0 | 4,3 | 31,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2017 | I - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 46,3 | 64,9 | 18,6 | 40,3 |
| Мил. ЕУР | 28,9 | 38,0 | 9,1 | 31,4 |
| Мил.$ | 30,8 | 46,6 | 15,9 | 51,6 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2017 | I - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 42,5 | 75,0 | 32,5 | 76,5 |
| Мил. ЕУР | 19,0 | 40,3 | 21,3 | 112,0 |
| Мил.$ | 20,2 | 49,4 | 29,2 | 144,4 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во јануари 2018 година, трговскиот дефицит се зголеми за 14,3% односно 17,4 милиони евра споредено со јануари минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат на проширувањето на негативното салдо во размената со храна и пијалаци, индустриски набавки и горива и мазива, како и на намалување на позитивното салдо во размената со стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше стеснувањето на негативното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и проширувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Графикон 2.5 Надворешно трговска размена на РМ (во милиони евра); Извор: ДЗС




Во јануари 2018 година 86,3% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат: Јужна Африка, Турција, Србија, Италија, Полска, Романија, и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Бугарија и Хрватска.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 87,3% од трговската размена во јануари 2018 година е реализирана во евра, што во однос на јануари 2017 година претставува зголемување од 1,4 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 93,6% и 82,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот и увозот е зголемена за по 1,3 п.п. во однос на јануари 2017 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - 2017 | | | | | I - 2018 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 242,7 | 365.925.097 | 61,5349 | 22.517.164.248 | 81,1 | 313,7 | 462.076.489 | 61,5111 | 28.422.833.129 | 82,5 | 96.151.392 | 26,3 |
| УСД | 126,5 | 86.580.101 | 58,0244 | 5.023.758.430 | 18,1 | 65,8 | 114.240.940 | 50,4967 | 5.768.790.457 | 16,7 | 27.660.838 | 31,9 |
| ГБП | 0,4 | 1.374.595 | 71,4684 | 98.240.114 | 0,4 | 0,4 | 1.827.883 | 69,5976 | 127.216.249 | 0,4 | 453.288 | 33,0 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 369,6 | | | 27.639.162.792 | 99,2 | 379,9 | | | 34.318.839.835 | 99,6 | | |
| вк извоз: | 370,3 | | | 27.750.668.255 | 100,0 | 380,8 | | | 34.455.998.013 | 100,0 | | 24,2 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во јануари 2018 година изнесуваа 13.328 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,9% во однос на истиот период од 2017 година.

Графикон 3.1.Одделни категории приходи (во милиони денари);




Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 8.079 милиони денари и во однос на истиот месец 2017 година се зголемени за 7,6%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 4.093 милиони денари, што претставува намалување за 2,7% во однос на минатата година, со доминантно учеството во вкупните даночни приходи од 50,7%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 6.039 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 1.947 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 12,9%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 70,3% споредено со истиот месец во 2017 година што претставува значително зголемување). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 32,6%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 6,5%. ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележа помало остварување за 53,5%.

Акцизите се остварени во износ од 1.819 милиони денари (учество од 22,5% во даночните приходи), што претставува зголемување од 41,4%. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 5.912 милиони денари, што претставува 73,2% од вкупните даночни приходи во јануари 2018 година.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 1.032 милиона денари и забележуваат раст од 0,4% на годишна основа, при што 2/3, односно 67,9% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 6,4% од приходи по основ на договор на дело, 6,0% од приходи од капитал, 5,4% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 5,2% од приходи од имот и имотни права и 4,0% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот од добивка изнесуваа 646 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 6,6% во однос на јануари 2017 година, што е главно резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 12,7%). Зголемување бележат и доплатите по даночни биланси од 20,3%, додека данокот

по основ на дивиденда и друга распределба и на задржаниот данок за странски правни лица бележат намалување од 71,9% и 46,4% соодветно.

Приходите од царина беа остварени во износ од 445 милиони денари и забележаа зголемување од 28,6%. Приходите од други даноци со остварен износ од 44 милиони денари забележаа поголемо остварување за 15,8%.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 3.832 милиона денари, што претставува поголемо остварување за 5,0% споредено со истиот период од 2017 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 3,9%, кај придонесите за вработување за 7,8% и кај придонесите за здравствено осигурување за 7,1%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 886 милиони денари и во однос на истиот период 2017 година забележаа помало остварување од 21,2% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 87 милиони денари, што претставува зголемување од 33,8% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 324 милиони денари, односно двојно повеќе во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата и во јануари 2018 година тие изнесуваат 35,6 милијарди денари, односно 97,1% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 22,5% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Графикон 3.2. Структура на приходите на Министерството за финансии - функции на државата за I 2018 година (во %); Извор: МФ




Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат средствата по основ на задолжување во странство, кои претставуваат 67,3% од вкупните приходи и прилив на овој буџетски корисник, при што нивната наплата во јануари изнесуваше 75,5% од годишниот план. Даночните приходи во јануари 2018 година изнесуваат 8,0 милијарди денари, што претставува 22,4% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за здравство, кое има остварено приходи во износ од 370,9

милиони денари, односно 1,0% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и 82,5% од тој износ претставуваат приливи на средства стекнати по основ на задолжување во странство.

Министерството за образование и наука оствари приходи во износ од 189,7 милиони денари, што претставува 0,5% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници, а претставуваат неданочни приходи, односно средства кои се остварени по основ на такси и надоместоци. Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 1,4% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, кои во јануари 2018 година изнесуваат 5,1 милијарда денари и претставуваат 7,6% од годишниот план на Фондот.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во јануари 2018 година изнесуваа 13.891 милион денари, што е помалку за 5,6% во однос на истиот месец 2017 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 13.649 милиони денари учествуваа со 98,3% и се зголемени за 1,7% во однос на истиот месец 2017 година.

Графикон 3.3 Одделни категории расходи (во милиони денари); Извор: МФ




Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 2.157 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 15,5%, а во однос на 2017 година се пониски за 0,6%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 671 милион денари и споредено со истиот период од 2017 година забележаа намалување од 18,7%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 10.051 милион денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 5,1% споредено со истиот период во 2017 година и истите учествуваа со 72,4% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 7.989 милиони денари, што претставува зголемување од 3,2% во однос на јануари 2017 година и учество од 57,5% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се

реализирани во износ од 4.969 милиони денари, што е зголемување за 4,3% споредено со истиот период од 2017 година и учествуваат со 35,8% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 14,1%, односно забележаа поголема реализација за 12,8%. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 1.314 милиони денари забележаа зголемување од 4,1%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 55,6% повеќе.

Каматните расходи изнесуваат 770 милиони денари, што е помалку за 10,6% во споредба со истиот период 2017 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 26,0%, додека каматите од странско задолжување беа намалени за 29,0%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 242 милиона денари со структурно учество од 1,7% во вкупните расходи, односно забележаа пониска реализација за 81,4% во однос на истиот период лани.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Графикон 3.4. Структура на расходите по буџетски корисници за I 2018 година (во %); Извор : МФ




Министерството за труд и социјална политика во јануари 2018 година реализираше 3,6 милијарди денари или 8,2% од вкупниот буџет за 2018 година. Притоа, најголем дел (74,1%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 2,6 милијарди денари или 8,3% од средствата наменети за 2018 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 18,5% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 8,2% (658 милиони денари) од планираните за 2018 година.

Во јануари 2018 година преку разделот Министерство за финансии - функции на држава[1] реализирани се 4,1 милијарда денари, што претставува 10,4% од годишниот

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средства од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

буџет. Најголем дел од расходите или 76,6% отпаѓаат на отплата на главнина, за што во јануари 2018 година се потрошени 3,1 милијарда денари, односно 13,8% од средствата планирани за оваа намена во 2018 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 10,4% од вкупните расходи, за што се реализирани 422,2 милиона денари или 4,9% од планираното.

Министерството за образование и наука во јануари 2018 година изврши буџетски средства во износ од 1,5 милијарди денари, што е 5,9% од вкупниот буџет за 2018 година. Најголем дел од расходите (76,3%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 1,1 милијарда денари или 8,2% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 18,4%, за што се потрошени 274,4 милиони денари, односно 7,8% од вкупно предвидените.

Во јануари 2018 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 723,9 милиони денари, што претставува 7,1% од сопствениот буџет за 2018 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 81,4%, за што се потрошени 589,4 милиони денари или 8,1% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 11,5%, за што се реализирани 83,1 милион денари или 4,6% од годишниот план.

Во 2018 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој реализираше средства во износ од 6,1 милион денари, што претставува 0,07% од планираните средства за тековната година, од кои 99,8% отпаѓаат на плати и надоместоци.

Министерството за здравство во 2018 година реализираше буџетски средства во износ од 53,1 милион денари, што е 0,8% од вкупниот буџет за 2018 година. Капиталните расходи имаат најголемо учество во расходите со 64,6%, за што се потрошени 34,3 милиони денари или 1,9% од средствата наменети за 2018 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 20,7% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена се потрошени 11,0 милиони денари, односно 0,6% од вкупно предвидените. Реализацијата на платите и надоместоците (кои учествуваат со 14,1% во вкупните расходи) изнесува 7,2% односно извршени се 7,5 милиони денари.

Министерството за одбрана во јануари 2018 година изврши буџетски средства во износ од 430,2 милиона денари, што е 6,6% од вкупниот буџет за 2018 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 66,9%, за што во 2018 година се реализирани 287,6 милиони денари, што претставува 7,6% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 25,6% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 109,9 милиони денари, односно 6,3% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во јануари 2018 година реализираше средства во износ од 48,1 милион денари, што е 0,8% од вкупниот буџет за 2018 година. Субвенциите и трансферите имаат највисоко учество во вкупните расходи со 44,1%, а нивната реализација изнесува 3,7% односно извршени се 21,2 милиона

денари. Капиталните расходи изнесуваат 16,3 милиони денари, што е 0,3% од вкупно планираните, а 33,9% од расходите на овој буџетски корисник.

За Финансирање на дејностите од областа на културата[2] во јануари 2018 година извршени се средства во износ од 138,6 милиони денари, што е 3,7% од вкупниот буџет за 2018 година. Платите и надоместоците имаат највисоко учество во вкупните расходи со 61,1%, а нивната реализација изнесува 8,1% односно извршени се 84,7 милиони денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 20,9%, а за оваа намена реализирани се 28,9 милиони денари или 2,4% од планираното. За тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа реализирани се 22,8 милиони денари, што претставува 9,1% од вкупно предвидените средства за тековната година, а оваа ставка претставува 16,4% од вкупните расходи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *([http://finance.gov.mk/mk/node/693](http://finance.gov.mk/mk/node/693))*.

## Буџетско салдо

Во јануари 2018 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 563 милиони денари, што претставува 0,08% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 107 милиони денари и претставува 0,02,% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Новвработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Вкупниот број невработени лица во јануари 2018 година изнесува 192.902, од кои 103.285 се активни баратели на работа, а 89.617 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 4,4%.

Графикон 4.1. Преглед на невработени лица во АВРМ




Најголем дел од невработените лица (66,8%) се градско население, а според половата структура 58,6% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 57,3% од невработените се

2 Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организациите од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивно реализирање на капиталните проекти.

со непотполно средно образование или помалку, 28,2% се со завршено средно образование, додека 14,5% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 48,6% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 49,0% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 8,5% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето - плата во декември 2017 година оствари годишен раст од 1,7%, а во однос на претходниот месец е повисока за 2,8%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Други услужни дејности (9,8%), Преработувачка индустрија (9,3%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (8,9%). Реалните плати во декември забележаа годишен пад од 0,7%.

Графикон 4.2. Просечна нето плата (годишни промени, %); Извор: ДЗС




Просечната номинална бруто - плата во декември 2017 година оствари годишен раст од 1,9%, а во однос на претходниот месец е повисока за 2,8%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Преработувачка индустрија (9,1%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (9,0%) и Други услужни дејности (8,6%). Реалната бруто-плата забележа годишен пад од 0,5%.

Графикон 4.3. Просечна исплатена месечна нето-плата по сектори на дејности (годишни промени, %)




Процентот на вработени што не примиле плата во декември 2017 година изнесува 1,2% и е за 0,4 п.п. понизок во однос на истиот месец претходната година, а за 0,1 п.п. повисок во однос на ноември 2017 година.

## Пензии

Во јануари 2018 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 309.869 пензионери, што претставува зголемување од 1,8% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е понизок за 875 лица. Од вкупниот број пензионери, 63,5% се корисници на

старосна пензија, 24,6% се корисници на семејна пензија и 11,9% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во јануари 2018 година изнесува 13.898 денари и е за 1,5% повисока во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во декември 2017 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,4%.

Графикон 4.4 Вкупен број на пензионери и просечна исплата на пензии; Извор: ФПИОМ




Просечната старосна пензија во јануари изнесува 15.197 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 12.610 денари, а просечната семејна пензија 11.168 денари. За исплата на пензиите во јануари 2018 година се потрошени 4.237,86 милиони денари, што претставува 53,0% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН СЕКТОР*

Во јануари 2018 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на 3,25%, како резултат на постојаното стабилизирање на очекувањата и на довербата на економските субјекти, како и на растот на структурната ликвидност на банкарскиот сектор. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

Графикон 5.1. Валутна структура на депозити и кредити во јануари 2018 година; Извор: НБРМ




## Примарни пари

Во јануари 2018 година, примарните пари[3] регистрираа раст од 3,7% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките од 2,6% и 4,9%, соодветно.

[3]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 3,4%, како резултат на намалувањето на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките за 5,5% и 1,1%, соодветно.

## Депозитен потенцијал

Во јануари 2018 година, вкупните депозити на банките регистрираа пад од 0,9% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 4,2%, а депозитите на домаќинствата регистрираа пад од 0,4%.

Од аспект на валутата, во јануари 2018 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се намалија за 2,0%, додека депозитите во странска валута регистрираа раст од 0,9%.

Вкупниот депозитен потенцијал во јануари 2018 година оствари раст од 5,2% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 6,5% и 3,4%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата овој месец бележат раст од 1,0%, а депозитите на домаќинствата се зголемија за 5,5%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се намалија за 1,1%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 9,5%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58,9%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јануари 2018 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **336.402** | **-0,9%** | **5,2%** |
| Денари | *198.038* | -2,0% | 6,5% |
| Странска валута | *138.365* | 0,9% | 3,4% |
| Краткорочни | *152.968* | 0,1% | -1,1% |
| Долгорочни | *94.939* | 1,1% | 9,5% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **294855** | **-1,3%** | **6,1%** |
| Денари | *247.170* | -1,2% | 8,0% |
| Странска валута | *47.685* | -1,9% | -2,9% |
| Краткорочни | *63.632* | -3,9% | 3,5% |
| Долгорочни | *211.927* | -0,2% | 7,7% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *17.830* | -4,9% | -2,2% |

Извор: НБРМ

## Кредити на банките

Во јануари 2018 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се намалија за 1,3% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во јануари 2018 година кредитите кон претпријатијата се намалија за 3,2%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,8%. Од аспект на валутата, во јануари 2018 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити регистрираа пад од 1,2% и 1,9%, соодветно.

Графикон 5.2. Стапки на раст на депозити и кредити (м/м-12);
Извор: НБРМ




На годишна основа, во јануари 2018 година вкупните кредити се зголемија за 6,1%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата за 9,7% и раст на кредитите кон претпријатијата 2,7%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 8,0%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 2,9%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,7%, а краткорочните кредити се зголемија за 3,5%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јануари 2018 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,01 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесуваше 5,72%. Каматната стапка на денарските кредити остана непроменета и изнесуваше 5,95%, а девизните кредити се намалија за 0,03 п.п. на месечно ниво и изнесуваа 4,64%.

Графикон 5.3. Каматни стапки на депозитни банки, јануари 2018 година;
Извор:НБРМ




Вкупната каматна стапка на депозитите во јануари 2018 година изнесуваше 1,51% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,02 п.п. во споредба со минатиот месец и изнесуваше 2,15%, додека каматната стапка на девизните депозити остана непроменета на месечно ниво и изнесуваше 0,79%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во јануари 2018 година регистрираше раст од 104,5% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на

прометот од класичното тргување за 108,2%, додека прометот од блок трансакциите се зголеми за 91,9%.

Вкупниот промет на берзата во јануари 2018 година изнесуваше 565 милиони денари и истиот е зголемен за 102,7% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на јануари 2018 година изнесуваше 2.824,49 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 11,3%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 26,6%.

Графикон 5.4. Вкупен промет на берза и МБИ 10; Извор: Македонска берза




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јануари 2018 година изнесуваа 2.577,4 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемени за 241,1 милион евра, додека во однос на јануари 2017 година се зголемени за 20,3 милиони евра.

Министерство за финансии
Сектор за макроекономска политика
„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје
http://www.finance.gov.mk/mk
http://www.finance.gov.mk/mk/node/693